АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Септември 2024** **Бр.9**

## Одржан третиот јавен состанок на АВМУ за 2024 година



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 27 септември го одржа третиот јавен состанок за оваа година, на кој директорот д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци. Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, изработените Студии, активностите на полето на меѓународната соработка.

На состанокот беа презентирани и наодите од Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година. Анализата содржи податоци за економското работење на радиодифузерите, односно податоци за вкупните приходи, вкупните трошоци, финансискиот резултат од работењето и просечниот број на вработени. Јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери заедно оствариле приходи во износ од 2.458,57 милиони денари, од кои 1,000.44 се приходите на Македонската радиотелевизија; 1,272.63 на телевизиите и 185.50 на радиостаниците. Средствата кои заедно ги потрошиле јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери изнесувале 2.708,21 милион денари. Добивка оствариле само комерцијалните радија, во износ од 10,15 милиони денари. Македонската радиотелевизија работела со загуба од 131,77 милиони денари, а комерцијалните телевизии со загуба од 139,55 милиони денари.

Во продолжение се дискутираше за анализата на родовата структура на сопственоста на телевизиите и радијата во периодот од 2020 до 2023 година, како и за родовата структура кај вработените во радиодифузерите во периодот од 2019 до 2022 година. Наодите покажаа дека мажите биле побројни од жените во сите анализирани години посебно на управителските/директорските позиции, техничкиот и реализаторскиот кадар, наспроти новинарките кои биле традиционално побројни од новинарите. Податоците покажуваат одредено присуство на таканаречениот „стаклен плафон“ кој е показател за постоењето на неформални граници кои го прават тешко издигнувањето на жените на повисоките работни места, а со тоа и нивно учество во процесите на носење одлуки.

## Завршен јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за вршење на дејност за собирање и транспорт на електричен отпад и складирање и третман на отпад

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 10 септември објави јавен повик за избор на правно лице (економски оператор), кое врши дејност или поседува дозвола за вршење на дејност за собирање и транспорт на електронски отпад и складирање и третман на отпад, издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП).

На повикот можеа да конкурираат правни лица со важечки дозволи за дејност што е предмет на овој јавен повик или конзорциум од правни лица со наведените дозволи (дозвола за вршење на дејност за собирање и/или транспортирање на опасен и неопасен отпад и дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад издадена од МЖСПП). Предмет на јавниот повик беа отпадните движни ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Сите информации за јавниот повик се достапни на линкот.

Краен рок за доставување на пријава за учество беше до 17.09.2024 година до 16:00 часот.

## Надзори врз радиодифузери и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

### Радиодифузери

За исполнувањето на обврските од членот 62 став 6 од ЗААВМУ и член 9 и 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, редовен административен надзор беше извршен врз 13 радиодифузери РА Антена 5, РА Зона М-1, РА Кисс, РА Блета, РА Модеа, РА Супер ,РА Фортуна, ТВ Вистел, ТВ Коха, ТВ М, ТВ МТМ, ТВ Едо и ТВ Сител. Надзорот покажа дека радиодифузерите ги исполнуваат минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.



# *NEWSLETTER*

За исполнување на минималните кадровски услови од Правилникот, беше извршен и вонреден административен надзор врз 20 радиодифузери: РА Јехона, РА 7, РА Џез ФМ, РА Урбан ФМ, РА Комета, РА Мерак 5 ФМ, РА Валандово, РА Ред ФМ, РА Ват, РА Марија – Благовест, РА Метрополис, РА Мефф, РА Плус Форте, РА Тајм ,ТВ Дибра, ТВ М-Нет ХД, ТВ Протел, ТВ Плус, ТВ Тера и ТВ Алсат – М. Надзорот покажа дека радиодифузерите ги исполниле минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовни програмски надзори врз операторите Вива Нет, Комбо 2003, Скупи Кабле, Траншпед Трејд и Винсат Кабел за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, и за почитувањето на обврските за регистрација и титлување на програмските сервиси кои операторите ги реемитуват. При надзорите е констатирано дека кабелскиот оператор Комбо 2003 од Куманово за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Discovery“ и „Animal Planet“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.

Агенцијата изврши редовен програмски надзор врз операторот А1 Македонија за почитувањето на обврските за регистрација на програмски сервиси и титлување на програмските сервиси кои ги реемитуват, и врз операторот Тотал ТВ за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитува задолжително и бесплатно да ги обезбеди програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис.
Со надзорот е констатирано дека операторот А1 Македонија за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „ТВ Шења“, „ТВ Вистел,“, „Nickelodeon“„Nick Jr“, „Nicktoons“, „Epic Drama“, „TV 1000“, „Klasik TV HR“, „Timeless Dizy Channel“, „Arena Sport 1“, „Arena Sport 2“, „Arena Sport 3“, „Arena Sport 4“, „Arena Sport 5“, „Arena Premium 1“, „Arena Premium 2“, „Arena Premium 3“, „Viasat Nature“, „Viasat Explorer“, „Viasat History“, „Museum“, „Luxe TV“, „Balkan Trip“, „RTS Svet“, „Agro TV“, „Arena Fight“, „Al Jazeera“, „A TV“, „TRT Turk“, „Toxic“, „Toxic Folk“, „Toxic Rap“, „MTV 00“, „MTV Europe“, „MTV Hits“, „MTV Life“, Nick Music“, „MTV 90“, „MTV 80“, „Club MTV“, „Bloomberg“ и „Duck TV“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.

## Изречени мерки јавна опомена

На 35-та седница одржана на 12 септември, Советот на Агенцијата за операторот Комбо 2003 од Куманово донесе решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето програмските сервиси „Discovery“ и „Animal Planet“, кои не се регистрирани во Агенцијата, согласно член 141 од ЗААВМУ.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-028/2018